Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 03.01.2019 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број 108143 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за услуги ИН ТАКСИ ДОО Скопје со адреса на ул. Кеј 13-ти Ноември бр. 28 во Скопје, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации на 26.02.2013 година има издадено одобрение за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број 108143 на корисникот Друштво за услуги ИН ТАКСИ ДОО Скопје со адреса на ул. Кеј 13-ти Ноември бр. 28 во Скопје, со време на важење на одобрението до 25.02.2023 година.

На 03.01.2019 година Друштвото за услуги ИН ТАКСИ ДОО Скопје до Агенцијата за електронски комуникации достави барање број уп1-бр.0802-4 за отповикување на одобрението за користење на радиофреквенции во копнено мобилна служба со евидентен број 108143.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-4
Скопје, 04-01-2019

**По овластување од Директорот,**

**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

AEK-751-301.12/Изм.02

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii